## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МИКРОБИОЛОГИЈА СО ПАРАЗИТОЛОГИЈА - ОПШТ ДЕЛ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ВАСО ТАЛЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-196/19 од 205. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 29.8.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Никола Пановски, редовен професор, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Жаклина Цековска, вонреден професор, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Микробиологија со паразитологија - општ дел” од авторот вон. проф. д-р Васо Талески, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** „Микробиологија со паразитологија - општ дел” од авторот вон. проф. д-р Васо Талески, наменет за студентите од прв и втор циклус студии на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип по предметот Микробиологија со паразитологија, кој се изучува во втора година, четврти семестар, со неделен број на часови 3+2+1, и носи кредити 6. Според обемот и содржината, истиот е во согласност со наставната програма за студентите по општа медицина, а може да го користат како дополнителна литература и студентите по фармација, дентална медицина и студентите по стручни студии.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот е напишан на 246 страници, А4 формат, со 18 табели и 279 слики. Поделен е во 7 поглавја (вовед, бактериологија, вирусологија, медицинска микологија, паразитологија, улога на микробиолошките лабораториите во контрола на интрахоспиталните инфекции и литература. Обемот и содржината на ракописот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Колку што ни е познато нам рецензентите, на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен објавен ист или сличен учебник. Се разбира, учебници со ваков наслов и слични по содржина постојат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, објавен во 2009 година, како и стотина учебници во светот.

**Краток опис на содржината:**

Во поглавието „Вовед“ на 8 страници се наведени современи сознанија за микробиологијата како наука, посебно за медицинската микробиологија, како и многу интересен хронолошки преглед за историјата на микробиологијата, откривањето на заразните болести, а потоа и нивните причинители од векови station наназад до денешни дни.

Поглавјето „Бактериологија – општ дел“ е најобемно, се состои од 200 страници со многу слики и шеми, графикони и табели. Вообичаено почнува со класификација на бактериите, номенклатура, нивна градба и физиологија. Продолжува со генетика на

бактериите, нивната екологија, нивната патогенсот и вируленција, заедно со имуниот одговор на домаќинот кон нивното присуство. На крајот од ова поглавје логично се наоѓа делот за контрола на микроорганизмите, стерилизација, дезинфекција и антимикробни средства.

Поглавјето „Вирусологија - општ дел“ на 10 страници се осврнува на дефиниција на вирусите, нивната градба, класификација, размножување, дијагностика и значење на вирусните инфекции.

Поглавјето „Медицинска микологија“ на 5 страници ги опишува главните карактеристики на габите и мувлите, посебно оние медицински значајните, нивната градба, култивирање, патогеност и современите можности за нивно откривање и дијагностицирање.

Поглавјето „Паразитологија“ опфаќа 5 страници и е поделено на дел за протозоите и дел за хелминтите. Се зборува за нивното значење, нивната поделба, посебно за оние значајни за медицината и за нивното дијагностицирање.

Посебен дел во ракописот, на 4 странци е поглавјето за улогата на микробиолошките лаборатории во контрола на интрахоспиталните инфекции. Во некои учебници овој дел го нема, некаде е дел од специјалниот дел, но со оглед на програмата за студии по општа медицина, а и значењето на овие инфекции денеска во светот, во овој случај правилно е поставен во општиот дел.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот на учебникот „Микробиологија со паразитологија – општ дел“од проф. д-р Васо Талески ги опфаќа сите содржини според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет за студентите од првиот циклус за студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Истиот може да се користи и од студенти на втор циклус студии, како и за проширени сознанија за студентите од останатите насоки на Факултетот за медицински науки..

Со издавање на овој ракопис студентите имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за теоретската настава во соодветен обем на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот**

**„Медицинска микробиологија со паразитологија – општ дел“ од проф. д-р Васо Талески да биде издаден како учебник за студентите по општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ:**

**Проф. д-р Никола Пановски, с.р.**
**Проф. д-р Жаклина Цековска, с.р.**